# **М И С Л Е Њ Е**

## **на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кон Консолидираниот годишен извештај за работењето на Банката во 2018 година**

Консолидираниот Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година вклучува податоци кои се реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но и заложбите на органите на управување и вработените во Групата во остварување на стратешките определби и зацртаните плански активности за 2018 година. Консолидацијата ги вклучува активностите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ Скопје – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот.

Консолидираниот Годишен извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Извештајот на систематизиран начин се презентирани остварувањета по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за стабилно работење, подобро и квалитетно управување со Групата, почитување и усогласување со целокупната законска регулатива.

Според нашето мислење, Извештајот дава вистинска и објективна слика за работењето на Групата во текот на 2018 година.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К А
## за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година**

1. Со оваа одлука се усвојува Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година.
2. Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година претставува прилог и составен дел на оваа одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач